# Доста е од вирусот на неспособност и криминал наречен Заев кој ја уништуваше Македонија

Четврток, 25 Јуни 2020 08:55

**Криминалната власт на Заев и СДСМ не се грижи за ништо друго, освен за лично богатење. Затоа јавноста гледа како се разнесуваат куфери полни со милиони евра. Затоа јавноста гледа како се вршел рекет и како директорот на ФЗОМ Ден Дончев става снопчиња со црни пари во својата чанта. Затоа пропаѓа целиот систем во Македонија и директно се загрозува егзистенцијата на народот.**

Дури народот се заразува и умира од корона вирусот Заев и неговите пајташи само се богатат на грбот на народот. Новите бројки од 136 заболени и 8 починати за едно денонoќие покажуваат дека оваа неспособна и неодговорна власт не знае да се справува со епидемијата. Македонија е претворена во европски Вухан и рекорден во регионот по смртност и заразеност на еден милион жители.

Затоа Македонија мора истовремено да се справува со два вируса, короната и вирусот наречен Заев. Овој вториот е уште поопасен за државата и мора да биде поразен на претстојните избори.

СДСМ и Заев покажаа дека можат единствено повеќе криминал, можат повеќе корупција и можат само порази. Да ставиме крај на виткањето кичма. Исправи се Македонијо! Одбери обнова!

**ВМРО-ДПМНЕ**